АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт.фах 474 тел: 3111-387

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи (“Службен весник на Република Македонија” бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023), Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје објавува:

**Јавен оглас**
**за потреба од вработување на работник на неопределено време**

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, има потреба од вработување на **1** работник на **неопределено време** за работното место “**Внатрешен ревизор на обука**“ во Одделение за внатрешна ревизија, во Кабинет на Генерален директор, во Дирекција на Акционерското друштво, со завршено ВСС-(Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент), Финансиски менаџмент, Сметководствен менаџмент, Архитектура, урбанизам, и планирање, Градежништво и водостопанство) и 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка и со судска одлука да не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност или професија додека трае забраната.

-Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.00 часот, завршеток помеѓу 15.30 и 16.00 часот), основна нето плата 37.467,00 денари.

Заинтересираните кандидати, треба да ги исполнуваат општите услови согласно закон како и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и тоа:

-да имаат завршено соодветно образование наведено за конкретното работно место, да имаат работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка наведено за конкретното работно место, како и да ги исполнуваат и другите услови предвидени за конкретното работно место согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Кандидатите треба да достават пријава (со име и презиме, адреса, контакт телефон и е-маил адреса), во кое се наведува конкретното работно место од огласот за кое се пријавуваат и треба да достават и докази за исполнување на наведените услови и тоа**:

- Диплома или уверение за завршено образование со бараната стручна подготовка за конкретното работно место (оригинал или копија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство (оригинал или копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оригинал или копија заверена на нотар);
- доказ дека со судска одлука не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност или професија додека трае забраната (оригинал или копија заверена на нотар);

Рокот за пријавување на кандидатите е **7 (седум) работни дена** од денот на објавувањето на огласот.

**Пријавата со документацијата во оргинал или копија заверена на нотар се доставува на адреса на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје – Дирекција, ул. "Орце Николов" бр. 138, Скопје, препорачано преку пошта или во архивата на акционерското друштво секој работен ден од 08.00-15.30 часот.**

**Пријави доставени по e-mail нема да се разгледуваат.**

**Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.**

Согласно Правилата за начинот на избор од пријавени кандидати по огласите за вработување во АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-9241/20 од 13.09.2019 година, процесот на селекција од пријавените кандидати се одвива во три фази:

Фаза 1 - Утврдување на навременост и комплетност на пријавите и исполнетост на условите предвидени во огласот

Фаза 2 - Проверка на знаењата и способноста

Фаза 3 - Интервју

Кандидатите кои во процесот на селекција преминуваат во наредна фаза писмено ќе бидат известени за времето и местото на одржување на соодветната фаза. За писмено известување се смета и известување преку СМС порака или електронска пошта на контакт адреси доставени од кандитатите.

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје ќе изврши избор од пријавените кандидати во законски предвидениот рок (45, 90 или 120 дена) во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лица за контакт: З.Недановски, тел. 02 2 633-833

**Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје**